На ден **27 јуни 2023 годинава** ќе се одржи Информативна сесија во Општина Свети Николе во организација на Одделението за локален економски развој и тимот на „Best Online Assistant“

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ - ГРАДОНАЧАЛНИК -
Бр. 0903-104/4
20.06.2023 год.

Одделението за Локален економски развој, како еден од организаторите на Инфо сесијата, упатува

**ЈАВЕН ПОВИК**

**до сите заинтересирани** граѓани лица со попреченост и членови на нивните семејства за присуство на Информативната сесијата

Настанот е од отворен карактер и ќе биде отворен за сите заинтересирани граѓани на општина Свети Николе.

Придружете ни се на оваа инфо сесија којашто ќе се одржи на ден **27 јуни 2023 г. во 17 часот**, во Општинска Сала на советот на Општина Свети Николе со примарна цел **информирање на лицата со попреченост за можностите за вработување (со полно работно време, скратено работно време, хонорарно ангажирање и со можност за работа од дома), до-едукација за дигитални вештини и бесплатни обуки на лицата со попреченост.**

Покрај квалитетните информации, присутните ќе бидат запознаени за идните можности за напредна едукација/обука и можностите за соработка со тимот на „Best Online Assistant“ коишто ќе им пружи можност за понатамошна соработка со компании кои се социјално инклузивни и бараат квалификуван кадар.

На инфо сесијата ќе присуствуваат вработени од Општина Свети Николе и тимот на „Best Online Assistant“.

Со цел организирање на Инфо сесијата, во зависност од искажаниот интерес од граѓаните, сите заинтересирани лица треба да го потврдат своето присуство на следниве контакти:

**Ивица Арсов**
**Општина Свети Николе**
**Канцеларија бр. 11 ЛЕР (приземје)**
**032 444 169 локал 124**
**Или 077 725 668**

- е-адресата ler@svetinikole.gov.mk

**Рок за пријавување**: 26 јуни 2023 година или до пополнување на максималниот број присутни, согласно со просторните капацитети.

**ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ**
**Градоначалник**
**Дејан Владев**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ГРАДОНАЧАЛНИК ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ